СОВЕТ НА ОПШТИНА КИЧЕВО

Бр. 08- 204/2

31.01.2024 година

К и ч е в о

# З А П И С Н И К

Од одржаната 30-та редовна седница на Советот на Општина Кичево на ден 31.01.2024 година во просториите на Советот на Општина Кичево со почеток во 10 часот и 20 минути

Седницата во 10 часот и 20 минути ја отвори и со неа раководеше Претседателот на Советот на Општина Кичево Скендер Џабири, а присутни беа и советниците: Ќамер Клоси, Дренуше Далипи, Валбона Адили Емини, Агим Садику, Абдула Сејдини, Филип Митрески, Михајло Данилоски, Виолета Спасеноска, Лазе Јакимоски, Олгица Попоска, Игор Стојаноски, Даниела Попоска, Анто Трајаноски, Тефик Лутвиу, Арѓент Асани, Валентина Лазаревска, Иванчо Божиноски, Виктор Алексоски, Рамазан Зулбеари, Фортеса Сејдини, Сибел Туфекџи и Миѓен Зендели.

На седницата беа присутни и Анета Настеска- Секретар на општината, Бујар Весели, Валдет Селими, Игор Пејоски, Беким Мустафај-претставници од општинската администрација, преставници од ЈП,,Комуналец“- Кичево и новинари од Ускана.

**Претседателот на советот**- ги поздрави присутните и праша дали има некој забелешка на Записникот 29-та седница на советот одржана на 28.12.2023 г. Збор зеде:

**Агим Садику**- Информира дека неколку пати реагирал до сега, но сепак последиците во врска за Записникот продолжувале и понатаму.

**Претседателот на советот**- Информира дека неколку пати било реагирано за тоа и можеби ќе се подобри во иднина.

**Претседателот на советот** го стави на усвојување Записникот од 29-та седница на советот одржана на 28.12.2023 г. и истиот се усвои со 22 гласа ЗА. ПРОТИВ (нема). ВОЗДРЖАНИ (нема).

**Претседателот на советот** за оваа седница го предложи следниот:

**Д Н Е В Е Н Р Е Д**

1.Предлог Календарски Буџет на Општина Кичево за 2024 година

2.Предлог Одлука на Извештајот на приходи и трошоци Квартал 3 за остварен финансиски резултат на ЈП ,,Комуналец" Кичево

3.Предлог Програма за одржување на јавна чистота за 2024 г. на Општина Кичево.

4.Предлог Програма за работа и развој на Јавното претпријатие за комунални дејности ,,Комуналец" Кичево за 2024 г.

5.Предлог Одлука за усогласување Програма за управување со комунален отпад на територијата на Општина Кичево за 2024 г.

6.Предлог Одлука за утврдување тарифа за снабдување со вода за пиење или водоснабдување на ЈП ,,Комуналец" – Кичево за регулиран период од 2024-2026 г.

7.Предлог Одлука за утврдување на тарифа за собирање и одведување на урбани отпадни води на ЈП ,,Комуналец"-Кичево за регулиран период 2024-2026 г.

8.Предлог Одлука за утврдување на тарифа за прочистување на отпадни води на ЈП,,Комуналец"-Кичево за регулиран период 2024- 2026 г.

9.Предлог Програма за уредување на градежно земјиште за просторот на Општина Кичево за 2024 г.

10.Урбанистички Проект за катастарска парцела за приватна сопственост.

11.Предлог Одлука за прифаќање иницијатива за изработка на Урбанистички проект за инфраструктура (вон опфат на урбанистички план).

12.Предолог Одлука за техничка исправка, во табеларниот дел од Урбанистички план за ГП 6 Блок 2, од ДЅП на Град Кичево ,,Бела Маало“ Општина Кичево.

13.Предлог Програма за активноста на Општина Кичево во областа на заштита и спасување на граѓаните и материјалните добра од природни непогоди и други несреќи како и ревитализација по елиминирање на криза за 2024 г.

14.Предлог Програма за култура на Општина Кичево за 2024 г.

15.Предлог Одлука за утврдување на вредноста на бодот за платите на државните службеници за 2024 г.

16.Верификација на членови на Младински Совет на Општина Кичево.

17.Разно.

**Лазе Јаќимоски**- Ги поздрави присутните и праша во врска со Дневиот ред, зошто две години најголемите проблеми за ,,Комуналец“ биле за непочитување на законите, а тие продолжувале и понатаму и до кога ќе им се простувало за грешките. Не се почитувал Законот и како можел Секретарот да дозволи точка 2 од дневниот ред да биде на дневен ред. Информира дека тромесечните квартали се доставувале најдоцна 20 дена по завршувањето на кварталот. Рокот бил поминат и прекршен бил законот од Управниот и Надзорниот одбор на ,,Комуналец“. Истакна дека треба да бидат свесни што прават, бидејќи ако ја донесат Одлуката со тоа го прекршувале законот. Побара точката да се повлече од дневен ред за оваа седница.

**Претседателот на советот** го праша преставникот од ЈП ,,Комуналец“, зошто се каснело и зошто до сега не бил ставен на дневен ред нивниот Квартален извештај.

**Преставникот на ,,Комуналец**"- Информира дека се во право, но Кварталниот извештај бил изработен навреме во рокот од Службите за финансии и побара да има разбирање, бидејќи навреме е доставен.

**Лазе Јаќимоски**-Информира дека како што разбрал вината била во администрацијата, која навреме не го ставила како точка на дневен ред.

**Преставникот на ЈП ,,Комуналец**"- Информира дека според законот било 40 дена, а не 20 дена на доставување на Извештајот до советот.

**Лазе Јаќимоски**- Информира дека според новиот закон е 20 дена и веќе 2 години ,,Комуналец" го правел истото и го ставал во незгодна ситуација советот, т.е општината како основач, но и Надзорниот и Управниот одбор на претпријатието.

**Валдет Селими**- Информира дека не само ,,Комуналец", туку и други служби вината ја бараат во администрацијата и истакна дека во општината кварталниот е стигнат на 25.12.2023 година, кога имало координација за предходната седница, но поради големиот број на точки не се ставил тогаш, туку за оваа седница е ставен како точка на дневен ред. Законскиот рок не бил испочитуван.

**Агим Садику**- Информира дека треба да се надминат и дека треба да почнат да ги почитуваат законите и правните, нормативни и законски рокови. За секој квартален извештај, имало прекршување на законот во рокот на достава, а со тоа и тие како советници го кршеле рокот со носењето. Потребно било да се почитува рокот на кварталниот извештај. Праша што се случува во претпријатието и зошто се носел извештајот три месеци уназад и дека тоа не било прв пат, туку во континуитет се правело така и замоли да се почитува законот, статутот, деловникот итн. и понатаму да не се прави така. Со тоа се создавало сомнеж за тоа дали се работи или не се работи во претпријатието. Истакна дека и тој е за тоа да се повлече точката од дневен ред. За тоа имало институционална одговорност и закон кој требало да се почитува.

**Абдула Сејдини**- Истакна дека се надоврзува на соговорниците и дека тоа не било прв пат за ,,Комуналец“. И требало да се види што било прекршено од нивна страна до сега. Информира дека имало и други такви прекршувања, биле усвојувани програми на училишта од училишни одбори на кои им бил поминат мандатот. Побара да се стави правило кое ќе важи за сите и за ,,Комуналец“ и за училиштата. Го праша преставникот на претпријатието што ќе се случи ако се повлече точката и како да се најде грешката што ја направило претпријатието. Истакна дека имало прекршување на законските рокови и праша дали било решение да се повлече и се најде решение за сите и за нив и за претпријатието. Информира дека е против задоцнувањето на сите претпријатија кои се во надлежност на општината.

**Агим Садику**- Информира дека сите знаат дека се правела толеранција, но требало да се реагира од општинската администрација и претпријатието да се исправи грешката. Законот и роковите и понатаму се прекршувале. Потребно било поголема коректност, бидејќи и тие како советниците го кршеле законот и се правеле прекршоци и требало да се стави точка на тоа. Побара повеќе да не се толерира тоа, бидејќи имало законски прекршоци и требало да се почитуваат законските институции. Истакна дека е за тоа, да се повлече точката.

**Лазе Јаќимоски**- Информира дека до сега илјади пати толерирале за да не се кочи работата, а за возврат немале фитбек и наместо да работат како што треба и ги исправат грешките, тие пак продолжувале да работат така. Така било веќе две години, а после тоа можело да ги повикаат на одговорност. Ги подржа Агим и Дули во нивните излагања, дека тие како советници ги толерирале, а тие пак продолжувале да работата така. Истакна дека во Законот за Јавни претпријатија, јасно стоело дека имало и други постапки за тоа пр.чл. 24 од Законот, барање за разрешување, но ќеречеле дека се тенденциозни.

**Абдула Сејдини**- Информира дека е согласен дека не се почитува законот, но сега било период пред избори и не требало да се прави политика

со граѓаните, туку политика за граѓаните и побара од преставникот од ,,Комуналец“ да се реши тоа. Се обрати кон Лазе кој бил против повлекувањето на Програмата на ОУ,,Санде Штерјоски“ од дневен ред на една од предходните седници, кое нешто го барал тој. Побара од органите на ,,Комуналец“ да дадат решение за проблемите во кои се навлезени.

**Лазе Јаќимоски**- Истакна дека Абдула бил во право, но ако Програмата на училиштето не се усвоела во рокот, автоматски се сметало како да е усвоена, така било според законот. Тоа било причина зошто постапил така. Но, тука законот не велел ако не го усвоеле Кварталниот, автоматски ќе се сметало дека е усвоен. Праша до кога ќе се правеле преседани, да се продолжело или не да се работи така.

**Абдула Сејдини**- Информира дека тие Програми биле предложени од членови на Училишни одбори, на кои мандатот им бил поминат.

**Лазе Јакимоски** – Информира дека немале таков податок.

**Абдула Сејдини**- Информира дека станувало збор за членови со истечен мандат и праша што ќе се случи со точката ако сега ја повлечат од дневен ред. Побара од преставникот од ,,Комуналец“ да објасни, ако се работело за разрешување на директорот да кажел за тоа.

**Агим Садику**-Информира дека Абдула правел политика, бидејќи тој се враќал кај училиштата, која точка е помината и усвоена. Истакна дека сега требало да зборуваат за точката за ,,Комуналец“, а тие се основачи на ,,Комуналец“. Немало политичко поентирање, туку прекршување на рокот од 3 месеци за доставување на Извештајот. Не било прв пат да се толерира прекршувањето на законот и требало да се преземат мерки. Истакна дека во општината Кварталниот извештај на претпријатието бил доставен на 25.12.2023 година, а со тоа не бил задоцнет од општината, туку од претпријатието.

**Абдула Сејдини**- Информира дека советниците потекнуваат од различни политички партии, но тоа бил плурализам и како преставници на политички субјекти зборувале со факти и идеи. Истакна дека имаат

одговорност за се што прават:  за програмите, за замениците директори итн. Побара да не се оди во друга насока. Целта е што законот бил прекршен, но што требало да се прави сега за да не се прекршува понатаму. Дали да продолжат така или не. Не правел политика, туку барал решение и почитување на законот. Крајно време било ,,Комуналец“ да престане да го прекршува законот  и да се најде решение за тоа.

**Агим Садику**- Информира дека знаел што зборува и дека немал цел за политичко поентирање, туку зборувал за точката и дискутира да се реши ситуацијата.

**Тефик Лутвиу**- Информира дека ситуацијата е опширна и смета да се повлече точката и сега завршувал четвртиот квартал и со него да се стави и третиот квартал.

**Анто Трајаноски**- Информира дека грешка било што не е навреме доставен. Требало да се толерира и тоа да било последна опомена на ,,Комуналец“ . Ако од сега немало навреме да се доставуват материјалите од нивна страна, тој ќе гласал против  за нив. Побара такви работи отсега да се решаваат на координација, а не на седница на совет. Предложи точката да остане на дневен ред.

**Претседателот на советот** – Информира  дека треба да му се даде можност на претпријатието, да не се попречува работата и тоа да продолжи да работи.

**Преставникот на ЈП ,,Комуналец**“- Информира дека кај нив Кварталниот извештај 3 е архивиран на 27.10.2023 г. и тој требало да се достави. Можело да има технички грешки, но несакал во тоа да ги вовлекува службите. Побара разбирање од советниците.

**Претседателот на советот**- Информира дека не знае зошто не е навреме доставена, но била архивирана на 27.10.2023 г. кое може да се види. Навреме бил усвоен од надзорниот орган, но можело да има технички гршки. Истакна дека имало пропусти во доставата од ,,Комуналец“ до Советот и требало да се најде решение за да нема хаос во работата.

**Претседателот на советот** го стави на усвојување предложениот дневен ред за денешната седница  и истиот се усвои со 15 гласа ЗА. 6 гласа ПРОТИВ .  2 гласа ВОЗДРЖАНИ.

**Агим Садику**- Информира дека не се ставило на гласање предлогот да се повлече втората точка од дневен ред.

**Тефик Лутвиу**- Информира дека за тоа требало да реагира на време.

**1.ПРВА ТОЧКА**: Предлог Календарски Буџет на Општина Кичево за 2024 година

**Бујар Весели**- Информира дека краен рок да се донесе буџетскиот календар бил јануари или февруари, а потоа детално го образложи календарскиот буџет за 2024 г.

**Валентина Лазаревска**- Информира дека ќе се донесе со цел да се испочитува законскиот рок и истакна дека таа година била последна во нивниот мандат и предложи во изготвувањето на буџетот за следната година да бидат вклучени сите институции, невладини организации и граѓаните, бидејќи граѓаните се тие кои им го дале мандатот.

**Агим Садику**- Предложи да се почитуваат сите рокови од соодветните институции кои се предвидени во него.

**Претседателот на советот** го стави на усвојување Предлог Календарски Буџет на Општина Кичево за 2024 година и истиот се усвои со 23 гласа ЗА. ПРОТИВ (нема). ВОЗДРЖАНИ (нема).

**2.ВТОРА ТОЧКА**: Предлог Одлука на Извештајот на приходи и трошоци Квартал 3 за остварен финансиски резултат на ЈП ,,Комуналец“ Кичево

**Преставникот на ЈП ,,Комуналец“-**Инфорира дека за третиот квартал приходите биле 131 милион, а расходите 123 милиони. Приходите биле од наплата за ѓубре и вода.

**Агим Садику**- Праша каква измена има од предходниот квартал или од предходната година. Информира дека образложението било кратко и

требало да биде подетално. Истакна дека како што гледал претпријатието било во добивка од 7 милиони. Праша за општиот дел за добивката за која смета дека не е реална, предложил да се излези на терен и да се зголеми наплатата, а со тоа и добивката на претпријатието. Информира дека од 23.06.2023 г. претпријатието било блокирано од страна на ,,Студенчица„ и побара де се објасни колкав бил долгот и должностите кон добавувачите кој бил околу 85 милиони од кои 75 биле за ,,Студенчица". Претпријатието имало долг од 3 милиони евра и праша за што е тој. Ако се имало долг се зголемувале расходите и неможело да се отпишат долговите, затоа биле блокирани. Истакна дека финансиски претпријатието не стоело добро и требало да се направи стратегија, за да се подобри ситуацијата. Немало план и мерки за да се подобри финансиската ситуација на претпријатието. Побара од преставникот на претпријатието подетално да ја престави ситуацијата за долгот и како се одвивало тоа.

**Преставникот на ЈП ,,Комуналец**"-Информира дека од фактурираното се гледал долгот. Долгот бил преставен и тој бил од 2013 година, дел од него се реализирал и сега бил 75 милиони, а имало наредба за извршување од 7-8 милиони. Управувањето и понатаму така ќе продолжело, а тие биле тука да го престават тоа до советниците.

**Агим Садику** – Праша дали долгот од 8 милиони е наплатен и дали имало спогодба за репрограмирање.

**Преставникот на ЈП,,Комуналец**"- Информира дека е наплатен, не е одблокирано претпријатието и сметаат дека ќе се реши.

**Агим Садику**- Информира дека тие долгови постојано се проследувале и дека немало подобрување во наплатата, а претпријатието било блокирано и не функционирало како што треба. Тоа не било добро и неможело да се врши наплата и отпишување на долгот. Потребно било да се изгради стратегија во претпријатието за да се подобри и се излезе од тоа.

**Лазе Јаќимоски** – Според член 90 побара гласањето за точката да биде поединачно.

**Валбона Адили Емини**- Побара од преставникот, ако има можност да објасни за репрезентациите во извештајот.

**Преставникот на ЈП,,Комуналец**"- Информира дека за репрезентации биле 220 иљади денари, а ако сакала поединачно објаснување и за тоа да се запознае, можела да го стори тоа  со доаѓање во претпријатието. Сумата тука била кумулативно дадена, а службите имале подетални податоци.

**Валбона Адили Емини-** Побара појаснување за транспортот и други услуги.

**Преставникот на ЈП,,Комуналец"-** Информира дека за транспортот било за носење на ѓубрето во депонијата Русино и за др. изведувачи, а др. услуги биле системот за контрола на вработените, чистење дрва, гранки итн.

Се премина кон поединачно гласање за Предлог Одлуката на Извештајот на приходи и трошоци Квартал 3 за остварен финансиски резултат на ЈП ,,Комуналец" Кичево:

1.Скендер Џабири- ЗА

2.Фортеса Сејдини- ЗА

3.Камер Клоси- ЗА

4.Миѓен Зендели- ЗА

5.Дренуше Далипи- ЗА

6.Валбона Адили Емини- ВОЗДРЖАНА

7.Агим Садику- ВОЗДРЖАН

8.Рамазан Зулбер- ЗА

9.Абдула Сејдини- ЗА

10.Валентина Лазаревска - ПРОТИВ

11.Филип Митрески- ПРОТИВ

12.Михајло Данилоски- Се изема од гласање, бидејќи е вработен во претпријатието.

13.Виолета Спасеноска- ПРОТИВ

14.Лазе Јакимоски - ПРОТИВ

15.Виктор Алексоски- ЗА

16.Иванчо Божиноски- ЗА

17.Олгица Попоска- ЗА

18.Игор Стојаноски- ВОЗДРЖАН

19.Даниела Попоска - ПРОТИВ

20.Анто Трајаноски- ЗА

21. Тефик Лутвиу- ЗА

22.Сибел Туфекџи- ЗА

23.Арѓент Асани - ЗА

**Претседателот на советот** констатира дека Предлог Одлуката на Извештајот на приходи и трошоци Квартал 3 за остварен финансиски резултат на ЈП ,,Комуналец“ Кичево се усвои со 14 гласа ЗА. 5 гласа ПРОТИВ. 3 гласа ВОЗДРЖАНИ.

Претседателот на советот даде пауза од 5 минути. По паузата седницииата продолжи.

Се премина на :

**3.ТРЕТА ТОЧКА**: Предлог Програма за одржување на јавна чистота за 2024 г. на Општина Кичево

**Преставникот од ЈП,,Комуналец“** – Информира дека Програмата била изготвена од претпријатието и во неа била опишана динамиката на чистење во општината и во неа  немала некоја разлика од ланската Програма.

**Агим Садику**- Информира дека самиот преставник кажал дека оваа Програма немала некоја разлика од ланската Програма, дејноста требало да се прошири со нова стратегија на чистење. Истакна дека во Програмата не било предвидено собирање отпадоци во поранешните општини Зајас, Осломеј, Вранештица и Другово. Предложи да се планира тоа и ѓубрето сегде да се собира.

**Преставникот на ЈП,,Комуналец“** – Информира дека на улиците ,,Булевар ослободување“ и ,,Маршал Тито“ секојдневно се собирало ѓубрето, а на периферијата повремено. Истакна  доколку сметаат дека требало да се интервенира негде, тогаш тоа да го сторат тие.

**Валбона Адили Емини**- Праша дали се преземаат мерки за отпадоците од пиљарите кои можат да се селектираат , а се товар за сите.

**Преставникот на ЈП ,,Комуналец“** – Информира дека делумно е интервенирано за тоа.

**Валентина Лазаревска**- Информира дека како советници можат да интервенираат  за во зона 4. На тротоарите на магистралниот пат имало ниска трева која не била окосена или окосена па не собрана. Предложи тревата да се коси барем еднаш неделно, бидејќи патот е транзитен и се оставало неубав углед за градот. Истака дека таму имало и многу отворени шахти кои биле опасност за пешаците.

**Преставникот на ЈП ,,Комуналец“-** Информира дека улиците се локални, регионални и магистрални. Општината била надлежна само за локалните улици, но сепак тие со самофинансирање интервенирале и таму. Истакна дека е потребно Општината или Управата за државни патишта да предвидат средства, а тие и тоа ќе го вршеле.

**Претседателот на советот** ја стави на усвојување Предлог Програмата за одржување на јавна чистота за 2024 г. на Општина Кичево и истата се усвои со 22 гласа ЗА.ПРОТИВ (нема).ВОЗДРЖАНИ (нема). Советникот Михајло Данилоски се изема од гласање, бидејќи е вработен во претпријатието.

**4.ЧЕТВРТА ТОЧКА**: Предлог Програма за работа и развој на Јавното претпријатие за комунални дејности ,,Комуналец" Кичево за 2024 г.

**Преставникот на ЈП,,Комуналец**" –Ја образложи Програмата и информира дека од лани се било исто или слично со мали интервенции од секторите.

**Претседателот на советот** ја стави на усвојување Предлог Програма за работа и развој на Јавното претпријатие за комунални дејности ,,Комуналец" Кичево за 2024 г. и истата се усвои со 22 гласа ЗА. ПРОТИВ (нема). ВОЗДРЖАНИ (нема). Советникот Михајло Данилоски се изема од гласање, бидејќи е вработен во претпријатието.

**5.ПЕТТА ТОЧКА**: Предлог Одлука за усогласување Програма за управување со комунален отпад на територијата на Општина Кичево за 2024 година.

**Преставникот од ЈП,,Комуналец"-** Информира дека во програмата Секторот за комунална хигиена ја опишал динамиката на собирање отпад, но уште не било решено собирањето на отпадот за целата територија на општината. Истакна дека годинава имале машина за балирање на отпадот и дека со неа ќе можеле да работат и во поранешните општини. Информира дека немало сеуште соодветна локација за депонирање на отпадот.

**Претседателот на советот**- Праша дали имало изготвено динамика на собирање на отпадот во поранешните општини.

**Преставникот на ЈП ,,Комуналец**"- Информира дека имало еден план од Претпријатието, но ќе морало со координација на месното население од селата според локација, бр. на жители итн. да се одреди како ќе се собира отпадот.

**Претседателот на советот**- Праша дали годинава ќе почнело собирањето на отпадот во селата.

**Преставникот на ЈП ,,Комуналец**"- Информира дека се надевал дека ќе почне.

**Лазе Јаќимоски**- Информира дека за локацијата за отпадот се разговарало две години. Министерството за животна средина го задолжила ЈП,,Комуналец" до крајот на февруари да ја расчисти депонијата која се наоѓа зад нивното претпријатие. Праша дали може и како ќе се постапи за да се исполни тоа.

**Преставникот на ЈП,,Комуналец**"- Информира дека во Кичево немало легална депонија и дека такви имало само во Дризла- Скопје и Русино- Гостивар. Истакна дека на Министерството можеле да одговорат и за 10 дена, но било потребно да се одреди локацијата. Депонијата во Русино немала капацитет за Гостивар, а не и за Кичево. Поблиску депонија била на Барбарос во Македонски Брод, но од Македонски Брод не прифаќале. Одреден период ѓубрето се носело во Новаци, но сега и таму не се согласувале. Потребно било да се одреди локација за депонија. Предложи да помогнат, ако имаат привремено решение за да се отстрани отпадот.

**Претседателот на советот** ја стави на усвојување Предлог Одлуката за усогласување Програма за управување со комунален отпад на територијата на Општина Кичево за 2024 година и истата се усвои со 22 гласа ЗА. ПРОТИВ (нема). ВОЗДРЖАНИ(нема). Советникот Михајло Данилоски се изема од гласање, бидејќи е вработен во претпријатието.

**6.ШЕСТА ТОЧКА**: Предлог Одлука за утврдување тарифа за снабдување со вода за пиење или водоснабдување на ЈП ,,Комуналец" – Кичево за регулиран период од 2024-2026 г.

**Преставникот од ЈП,,Комуналец"-** Информира дека советниците за прв пат имале пред нив цени за водата за временскиот период од 2024- 2026 година. Цените биле без ДДВ. Истакна дека од поранешниот состав на советот предлогот од претпријатието за цената на водата од 29.16 денари не

бил усвоен и од Регулаторната комисија била одредена повисока цена. Сега за 2024 година од страна на претпријатието била одредена цена од 33,19 денари.

**Претседателот на советот**- Информира дека ако не се усвоела цената од 33 денари таа од Регулаторна ќе била одредена од 36 денари. Повика како е најдобро за граѓаните, тие така да направат.

**Абдула Сејдини**- Праша во врска со новите законски измени за цената на водата, ,,Комуналец", требало да упати барање до Регулаторна комисија. Праша до каде е постапката за тоа, што треба да гласаат.

**Преставникот на ЈП,,Комуналец**"- Информира дека Регулаторна од нив барала да одредат колкава ќе биде цената, а за тоа имало параметри и требало да се подготви документација според нив. До колку претпријатието барало одредена цена за инвестиција, таа се кумулирала во цената на водата. Истакна дека тие предвиделе минимални расходи на претпријатието за следаната година, за да не биде цената на водата многу висока.

**Агим Садику**- Информира дека сите општини биле должни согласно законот да спроведат постапка за одредена цена на водата. Праша дали со тоа симболично зголемување на цената, немало да има проблеми во водоснабдувањето. Истакна дека кај нас, цената била најниска во однос на другите општини.

**Преставникот на ЈП ,,Комуналец"-** Информира дека цените биле пониски во однос на другите општини, но тоа тие го сториле за да не се ,,удри" многу по џебот на граѓаните. Истакна дека можело да има и корекција на таа цена доколку се побарало од Регулаторната комисија, но требало да се наведат причините за тоа.

**Лазе Јаќимоски**- Информира дека гледаат решение од Регулаторна за цената на водата со минималена и максимална цена. Доколку тоа било задолжително решение, како ќе ја земат нивната Одлука каде имало минимално зголемување на цената. Праша дали ќе ги задолжат да ја почитуваат нивната Одлука која е со повисока цена.

**Преставникот на ЈП,,Комуналец“-** Информира дека Регулаторната комисија целосно ја одредувала цената на водата, а не посебно за физичките и правните лица. Овде покачена била цената на на водата за правните лица за да се избалансира кај физичките лица, така направиле со цел да се заштитат физичките лица.

**Лазе Јаќимоски**- Информира дека на тој начин бил постигнат просекот на Регулаторна, со покачување на цената на правните лица. Истакна дека тие ќе бидат против Одлуката.

**Игор Стојаноски**- Информира дека советничката група на ВМРО денеска на социјалните мрежи ,,Фејсбук“ објавила дека ќе се зголеми цената на водата. ЈП,,Комуналец“ ни достави документи и Одлука за цената. Побара Лазе да одговори како ќе се заштитат граѓаните од Советниците кои ќе нанесат штета, ако не се усвои предложената цена од претпријатието од 33,19 денари, а Регулаторната комисија тогаш ја зголеми на 50 денари. Истакна дека вчера биле посочени од граѓаните и праша дали можело да се заштитат граѓаните со тоа што немало да гласаат тие за Одлуката, а тој за тоа тогаш ќе ги прашал.

**Лазе Јаќимоски**- Информира дека тие биле против секакво поскапување на цената на водата и затоа така ќе гласале. Регулаторната донела решение. Истакна дека доколку советниците ја подржеле Иницијативата што тие ја поднеле во општината, ќе се најдело решение за тоа.

**Абдула Сејдини**- Информира дека Игор поставил точно и јасно прашање за пред граѓаните. Покачувањето на цената било од Регулаторна. Овде имало две цени и тие требало да бидат јасни и искрени. Неможело да се биде на страната на граѓаните, ако има зголемување на цената и тоа кога имало едно симболично покачување на цената од претпријатието и многу големо зголемување од Регулаторна. Така се наштетувало на џебот на граѓаните, бидејќи цената на Регулаторна била поголема.

**Лазе Јаќимоски**- Информира дека нивниот став бил таков и дека никој не ги принудувал на тоа, но тие биле  за никакво зголемување на цената.

**Абдула Сејдини**- Информира, бидејќи се работело за Одлука која требало да се реализира кај граѓаните и требало да се најде решение за нив и нивниот буџет, не бил за да ги убеди, туку да им се помогнело на граѓаните со симболичното зголемување на цената. Предложи  да се усвои Одлуката.

**Иван Божиноски**- Информира дека Дули џабе се обидувал да убедува, бидејќи тука се работело за популизам. Истакна дека и тие немало да гласаат за точката и ќе се обиделе да им објаснат на граѓаните за тоа, но сакале ВМРО да ја повлече објавата на социјалните мрежи за цената на водата и побара  да се извинат за објавата.

**Претседателот на советот**- Информира дека со негласањето на Одлуката ќе им нанесат штета на граѓаните и дека тие ќе бидат одговорни што ќе се наштетело на џебот на граѓаните. Истакна дека не биле во право и го замоли Лазе уште еднаш да го смени мислењето и да гласаат за Одлуката за да  им се помогне на граѓаните.

**Лазе Јаќимоски**- Информира дека постот што го објавиле бил таков и ако имало зголемување на цената пак ќе објавеле. Истакна дека тие биле 6 советници, а имало уште 17 советници и дека немало со тоа да влијаат на резултатот од носењето на Одлуката.

**Претседателот на советот** –Праша дали ќе имаат храброст за одговорност, ако не ја изгласаат Одлуката, а Регулаторна ја зголеми цената уште повеќе.

**Виктор Алексоски** – Замоли медиумите во целост ако можат да ја објават расправата за точката, за да можат граѓаните да видат дали имало популизам или пак сакале да ги заштитат граѓаните.

**Претседателот на советот**- Информира дека е добро што имало медиуми, за да може народот да види дали се за нив или не и дали има политика за тоа.

**Претседателот на советот** ја стави на усвојување Предлог Одлуката за утврдување тарифа за снабдување со вода за пиење или водоснабдување на ЈП ,,Комуналец“ – Кичево за регулиран период од 2024-2026 г.  и истата не се усвои со 10 гласа ЗА. 9 гласа ПРОТИВ. 3 гласа ВОЗДРЖАНИ. Советникот Михајло Данилоски се изема од гласање, бидејќи е вработен во претпријатието.

**Претседателот на совеот**- Информира дека одговорноста сега била на нив како ќе ги почитуваат граѓаните и дека сега цената ќе била покачена на 40 денари.

Претседателот на советот даде пауза од 5 минути. По паузата седницата продолжи.

**7.СЕДМА ТОЧКА**: Предлог Одлука за утврдување на тарифа за собирање и одведување на урбани отпадни води на ЈП ,,Комуналец“-Кичево за регулиран период 2024- 2026 г.

**Преставникот на ЈП,,Комуналец**“- Информира дека цената била слична како и предходната и дека од Регулаторна било предвидено 7,53 денари, 7,56 и 7,58 денари за  периодот 2024-2026 г. Предложи да се усвои од страна на советниците.

**Претседателот на советот**- Побара да бидат рационални и да се усвои цената и таа така ќе биде минимална, додека од Регулаторна ќе била повисока.

**Лазе Јаќимоски**- Праша колкава била предходната цена.

**Преставникот од ЈП,,Комуналец“** – Информира дека таа била 4,70 денари за собирање и одведување на отпадни води т.е канализација.

**Валентина Лазаревска** – Информира дека таму стоело 10 денари.

**Претседателот на ЈП,,Коомуналец**“- Информира дека сигурно било техничка грешка во ценовникот.

**Претседателот на советот** ја стави на усвојување Предлог Одлуката за утврдување на тарифа за собирање и одведување на урбани отпадни води на ЈП ,,Комуналец"-Кичево за регулиран период 2024- 2026 г. и истата се усвои со 12 гласа ЗА. 9 гласа ПРОТИВ. ВОЗДРЖАНИ (нема). Советникот Михајло Данилоски се изема од гласање, бидејќи е вработен во претпријатието.

**8.ОСМА ТОЧКА**: Предлог Одлука за утврдување на тарифа за прочистување на отпадни води на ЈП,,Комуналец"-Кичево за регулиран период 2024- 2026 г.

**Преставникот на ЈП,,Комуналец**"- Информира дека тарифата за прочистување на отпадни води за периодот од 2024-2026 г. била 13,16; 13,65; и 13,73 денари за 2026 г. Истакна дека овде имало зголемување на цените како резултат на зголемување на расходите за прочистување на водта.

**Претседателот на советот** ја стави на усвојување Предлог Одлуката за утврдување на тарифа за прочистување на отпадни води на ЈП,,Комуналец"-Кичево за регулиран период 2024- 2026 г. и истата се усвои со 13 гласа ЗА. 9 гласа ПРОТИВ. ВОЗДРЖАНИ (нема). Советникот Михајло Данилоски се изема од гласање, бидејќи е вработен во претпријатието.

**9.ДЕВЕТА ТОЧКА**: Предлог Програма за уредување на градежно земјиште за просторот на Општина Кичево за 2024 г.

**Претседателот на Комисијата** за урбанизам, комунални дејности и заштита на животната средина Арѓент Асани го прочита Извештајот за сите точки кои беа разгледани на одржаната седница на комисијата.

**Беким Мустафај**- Детално ја образложи Програмата.

**Претседателот на советот** ја стави на усвојување Предлог Програмата за уредување на градежно земјиште за просторот на Општина Кичево за 2024 г. и истата се усвои со 23 гласа ЗА. ПРОТИВ (нема). ВОЗДРЖАНИ (нема).

**10.ДЕСЕТА ТОЧКА:** Урбанистички Проект за катастарска парцела за приватна сопственост

**Беким Мустафај**- Информира дека се работи за урбанистички проект за Кутлабица, каде имало 4 парцели, а сега сопственикот барал да има 3 градежни парцели.

**Претседателот на советот** го стави на усвојување Урбанистичкиот Проект за катастарска парцела за приватна сопственост и истиот се усвои со 15 гласа ЗА. ПРОТИВ (нема). 7 гласа ВОЗДРЖАНИ.

**11.ЕДИНАЕСЕТА ТОЧКА:** Предлог Одлука за прифаќање иницијатива за изработка на Урбанистички проект за инфраструктура (вон опфат на урбанистички план)

**Беким Мустафај**- Информира дека се работи за н.м Карбуница за поставување кабли за поставување на фотоволтаици. Истакна дека каблите поминувале низ државна сопственост и немало проблем за тоа.

**Претседателот на советот** ја стави на усвојување Предлог Одлуката за прифаќање иницијатива за изработка на Урбанистички проект за инфраструктура (вон опфат на урбанистички план) и истата се усвои со 23 гласа ЗА. ПРОТИВ (нема) . ВОЗДРЖАНИ(нема).

**12.ДВАНАЕСЕТА ТОЧКА**: Предолог Одлука за техничка исправка, во табеларниот дел од Урбанистички план за ГП 6 Блок 2, од ДЅП на Град Кичево ,,Бела Маало" Општина Кичево

**Беким Мустафај-** Информира дека тука се работело за корекција во табеларниот дел.

**Претседателот на советот** ја стави на усвојување Предолог Одлуката за техничка исправка, во табеларниот дел од Урбанистички план за ГП 6 Блок 2, од ДЅП на Град Кичево ,,Бела Маало" Општина Кичево и истата се усвои со 16 гласа ЗА. ПРОТИВ (нема) . 7 гласа ВОЗДРЖАНИ.

**13.ТРИНАЕСЕТА ТОЧКА**: Предлог Програма за активноста на Општина Кичево во областа на заштита и спасување на граѓаните и материјалните добра од природни непогоди и други несреќи како и ревитализација по елиминирање на криза за 2024 г.

**Игор Пејоски**- Информира дека во програмата биле разработени целите и активностите од Законот за заштита и спасување на луѓето, растенијата и животните од поголеми непогоди. Истакна дека активностите биле табеларно наведени.

**Претседателот на советот** ја стави на усвојување Предлог Програмата за активноста на Општина Кичево во областа на заштита и спасување на граѓаните и материјалните добра од природни непогоди и други несреќи како и ревитализација по елиминирање на криза за 2024 г. и истата се усвои со 23 гласа ЗА. ПРОТИВ (нема). ВОЗДРЖАНИ (нема).

**14.ЧЕТИРИНАЕСЕТА ТОЧКА**: Предлог Програма за култура на Општина Кичево за 2024 г.

**Претседателот на комисијата** за празници, манифестации и доделување на општински признанија Камер Клоси го прочита Извештајот од одржаната седница на комисијата.

**Арбен Ристеми**- Информира дека точката се усвоила на комисија и било предложено да се направи дополна и истата е направена во табелата под реден број 12, а се работело за санација на културно-историски споменици. Потоа ја образложи програмата.

**Абдула Сејдини**- Праша дали во програмата е предвидено враќање на споменикот на Скендербег во ,,Китино кале“.

**Арбен Ристеми**- Информира дека во програмата се опфатени сите активности кои ќе се преземаат и таа ги подржува сите иницијативи кои ќе бидат дадени. Информира дека тоа било Програма за култура, а ќе се изберело Комисија која ќе го спроведе тоа што е во неа.

**Абдула Сејдини**- Праша кои споменици ќе се реновираат.

**Арбен Ристеми**- Информира дека во Програмата било определено општо реновирање на споменици, а не поединачно, за да немало ограничување.

**Лазе Јаќимоски** – Информира дека тоа било нивни предлог и барале во Програмата да влезе дополна со одбележување на конкретно, поединачно одредени празници и манифестации, но така не било во таа програма, туку општо одредено,  потпомогнато со средства од општината, донации итн.

**Претседателот на советот** ја стави на усвојување Предлог Програмата за култура на Општина Кичево за 2024 г. и истата  се усвои со 23 гласа ЗА. ПРОТИВ (нема). ВОЗДРЖАНИ (нема).

**15.ПЕТНАЕСЕТА ТОЧКА**: Предлог Одлука за утврдување на вредноста на бодот за платите на државните службеници за 2024 г.

**Секретарот на општината**- Информира дека Одлуката се носи врз основа на Одлука на Влада и со неа вредноста на бодот ќе се зголеми за 10% и ќе биде 81,60.

**Претседателот на советот** ја стави на усвојување Предлог Одлуката за утврдување на вредноста на бодот за платите на државните службеници за 2024 г. и истата  се усвои со 23 гласа ЗА.  ПРОТИВ (нема). ВОЗДРЖАНИ (нема).

**16.ШЕСНАЕСЕТА ТОЧКА**: Верификација на членови на Младински Совет на Општина Кичево

**Секретарот на општината** – Информира дека на ВЕБ страната на општината имало објавено Јавен повик на кој можело да учествуваат сите млади. Тоа било завршено и членовите биле одбрани од страна на формираната за тоа трочлена комисија, а сега било потребно да се верифицираат членовите на Младинскиот совет на општината.

**Претседателот на советот** ја стави на усвојување Верификацијата на членовите на Младински Совет на Општина Кичево и истата  се усвои со 22 гласа ЗА.  ПРОТИВ (нема). ВОЗДРЖАНИ (нема).

**17.СЕДУМНАЕСЕТА ТОЧКА:** Разно

**Секретарот на општината**- Информира дека до советниците го пуштила Извештајот за Инвертерите. Извештај бил пуштен и за еднократната парична помош за социјалните случаи, а бил пуштен и Извештајот за спорт.

**Валентина Лазаревска**- Праша дали се одлучило за стипендиите.

**Валдет Селими**- Информира дека се одлучило.

**Валентина Лазаревска** –Информира дека немало Извештај на ВЕБ страната.

**Даниела Попоска**- Праша дали се доделени грантовите и дали меѓу нив има македонци и на кој начин се избрани и како се врши контрола врз нивното работење.

**Валдет Селими**- Информира дека во првиот грант добиле сите кои аплицирале.

**Секретарот на општината**- Информира дека тие ги носат сите документи кои се потребни.

**Валдет Селими** –Информира дека тие пуштале извештај за плати секој месец до општината.

**Даниела Попоска** –Побара да се достави Извештај од тие што добиле грант со матичен број на фирмата.

Од страна на **Претседателот на советот** беа прочитани пристигнатите барања до советот:

1.Барање од професорот Садик Емроја за финансиска помош за издавање книга.

**Валдет Селими**- Информира дека тоа било реализирано, завршено.

2. Доставување оставка од функција член на Управен одбор на ЈП ,,Комуналец“ Кичево од лицето Темелкоски Златко. Оставката е од лични

причини и неможност за присуство на седници. Оставката беше констатирана од страна на советот и се одлучи на следната седница да се назначи В.Д член за 3 месеци.

3. Барање за асфалтирање на улица во село Малкоец.

Советот одлучи да се достави барањето до соодветниот сектор за понатамошно постапување.

4. Барање од Здружение на граѓани на село Кленоец за асфалтирање на улица на потег од споменикот до селото каде се куќите, а се работело за три краци. Советот одлучи барањето да се достави до соодветниот сектор за негово постапување.

**Валдет Селими**- Информира дека во архивата била доставена иницјатива до Советот. Не се знае од кого е доставена, бидејќи имало само три потписи на неа.

**Лазе Јаќимоски** – Информира дека на 28.01.2024 година, поднел иницијатива, па неа ја снемало од архивата, а сега се оправдуват дека не знаат за неа.

Бидејќи, никој друг не се јави за збор, а со тоа беше исцрпен Дневниот ред за оваа седница, Претседателот на Советот на Општина Кичево ја затвори Седницата на Советот во 14 часот и 40 минути.

Записничар

- Ленче Србиноска

Совет на Општина Кичево

Претседател

Скендер Џабири